РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2841/11
21.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 11.07.2025 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Димитар Тануров, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски го отвори првото продолжение на 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Стефановски објасни дека на оваа седница ќе се разгледува Предлог-записникот од втората седница, одржана на 7 јули 2025 година, кој претходно беше одложен поради технички причини – односно, немаше доволно време за негова изработка, бидејќи двете седници се одржаа истиот ден, една по друга.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Предлог-записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.07.2025 година.

Советничката Афрона Врзиволи даде техничка забелешка на предложениот Записник. Таа посочи дека на почетокот од Записникот, во делот каде што се евидентираат отсутните членови на Советот, кај името на отсутниот член треба да биде наведена и причината за неговото отсуство. Ова е во согласност со Деловникот за работа на Агенцијата, кој предвидува дека причината за отсуство треба да биде јасно наведена.

Г-дин Стефановски информираше дека членот на Советот, кој беше отсутен од седницата, доставил Изјава со образложение за неговото оправдано отсуство. Потоа,

предлогот на г-ѓа Врзиволи – кај името на отсутниот член да се наведе и причината за отсуството – беше ставен на гласање.

Со 2 гласа „за“ од членовите Афрона Врзиволи и Петар Џуровски, не се прифати предлогот за дополнување на предложениот Записник.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од Виктор Павловски го усвои Записникот 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.07.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**